У-6.бр.1212/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Абдурахуми Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Анета Стевановиќ - судски соработник , решавајќи по тужбата на тужителот ДПТУ Енерџи Активе увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-433/6 од 03.06.2020 година, за јавни набавки, на седницата на советот одржана ден 26.08.2020 година, согласно член 41 став 2 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Постапката по тужбата на тужителот ДПТУ Енерџи Активе увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-433/6 од 03.06.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот ДПТУ Енерџи Активе увоз-извоз ДООЕЛ Скопје незадоволен од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-433/6 од 03.06.2020 година, преку полномошник Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје поднесе тужба до Управниот суд заведена под У-6.бр.1212/2020.

Со поднесок од 22.07.2020 година, тужителот преку својот полномошник ја повлече тужбата во целост.

Согласно член 41 став 1 од Законот за управните спорови, тужителот може да ја повлече тужбата до донесување на одлука во управниот спор. Повлекувањето на тужбата не може да се отповика. Согласно став 2, во случај кога тужбата е повлечена, судот ќе донесе решение за запирање на постапката. Согласно став 3, против решението од став (2) на овој член е дозволена жалба.

Со оглед дека тужителот со писмениот поднесок ја повлече тужбата во целост, судот смета дека истиот се откажал од тужбата, па согласно член 41 став 2 од Законот за управните спорови одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управниот суд Скопје на ден 26.08.2020 година, под У-6.бр.1212.

| Записничар – судски соработни | Претседател на советот - Судија |
|---|---|
| Анета Стевановиќ | Марта Телегравчиска |

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Вишиот управен суд.

·Пресудата да се достави на:
- тужителот-преку полномошник

Тужен орган

ВТ/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

Претседател на советот Судија
Марта Телегравчиска